РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3834/2
17-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по Годишен план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-тата седница одржана на ден 11.01.2024 година донесе

ОДЛУКА

Постапката заведена под број 08-5542/1 од 02.06.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за понатамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5542/1 од 02.06.2022 година

Предметот со број 08-5542/1 од 02.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-5542/1 од 02.06.2022 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на донесен Годишен план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година.

ДКСК констатира дека лицето _______, медицински директор на __________, не ја има испочитувано обврската да достави изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена од денот на изборот на функцијата. Во врска со ова ДКСК не е во можност да изрече прекршочна санкција, бидејќи согласно Законот за прекршоците изминати се две години од сторување на прекршокот. Согласно член 24 од Законот ДКСК со допис бр. 08-3834/1 од 03.08.2023 година го извести Министерството за здравство за констатираната состојба.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk